# „Запомнив од Аллаховиот пратеник, алејхи селам, десет рекати

Ибн Омер, радијаллаху анху, пренесува: „Запомнив од Аллаховиот пратеник, алејхи селам, десет рекати: два реката пред и два реката по пладневниот намаз, два реката по вечерниот (акшам) намаз во неговата куќа, два реката по јација намаз во неговата куќа и два реката пред сабах намаз. Имаше и време кога никој не влегуваше кај Аллаховиот пратеник, Хафса ми кажуваше дека тој кога муезинот повикуваше на намаз и кога настапуваше зората, клањаше два реката.“ Во друг хадис е наведено дека Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, клањаше после џума намаз два реката.

[صحيح] [متفق عليه بجميع رواياته]

Абдулах бин Омер, радијаллаху анху, ни објаснува дека запомнил нафиле намази од Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, и тие биле десет рекати, кои уште се нарекуваат и потврдени сунети. Два реката пред пладне намаз, и два после него, два реката после акшам намаз кои ги клањал дома, и два реката после јација намаз исто ги клањал дома, пред сабах намаз клањал два реката, тоа се вкупно десет рекати. А на џума намазот клањал два реката после фарзот.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3062

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee